РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 25-3900/5
15.10. 2020 год.
ВЕЛЕС

**Покренување иницијатива за прибирање предлози за доделување на Деветтоноемвриски признанија и награда за животно дело „Гемиџии“ за 2020 година**

Врз основа на член 127 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/07, 3/09, 18/10), Одлуката за востановување Деветтоноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 7/97; 7/01) и Одлуката за востановување награда за животно дело - „Гемиџии“ („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.4/03), Комисијата за општествени дејности покренува иницијатива за прибирање предлози за доделување на Деветтоноемвриски признанија и награда за животно дело „Гемиџии“ за 2020 година.

1. Признанијата *9 Ноември* се доделуваат на поединци, органи, организации, граѓански организации и заедници чие дело и постигнати резултати се од значење за Општина Велес и нејзината афирмација во земјата и светот.

*- Неопходно е кандидатите за Деветтоноемвриски признанија делото за кое се предложени да го афирмирале во јавноста. Предложениот кандидат да е жител на Општина Велес или тематски неговото дело да е поврзано за Општина Велес.*

2. Наградата за животно дело „Гемиџии“ се доделува на поединци за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

3. Предлози за доделување на Деветтоноемвриски признанија и награда за животно дело „Гемиџии“ можат да поднесуваат Градоначалникот, Комисијата за општествени дејности, член на Советот на Општина Велес, органи, организации, политички партии, здруженија на граѓани и поединци.

*- Предлозите мора да бидат образложени.*

4. Предлозите се доставуваат до Совет на Општина Велес, со назнака за Комисија за општествени дејности на ул. „Панко Брашнар“ бр.1, 1400 Велес или лично најдоцна до 1 ноември 2020 година.

Претседател
на Комисијата за општествени дејности,
Максут Бакиовски с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општина
ОПШТИНА ВЕЛЕС